Република Македонија
Државна изборна комисија

# З А П И С Н И К
## ОД 65 –ТАТА СЕДНИЦА
## НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 6 МАРТ 2014 ГОДИНА

**ЗАПИСНИК**
**од шеесет и петтата седница на Државната изборна комисија**

Шеесет и петтата седница на Државната изборна комисија се одржа на ден 6 март 2014 година ( четврток ) во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 18:30 часот.

На седницата присуствуваа:

| | |
|---|---|
| **Никола Рилкоски -** | Претседател на Државната изборна комисија |
| **М – р. Субхи Јакупи** - | Потпретседател на Државната изборна комисија |
| **Влатко Сајкоски -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Сашо Срцев -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Анета Стефаноска -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Виолета Дума-** | Член на Државната изборна комисија |
| **Бедредин Ибраими -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Расим Мустафа -** | Зам. Генерален секретар на Државната изборна комисија. |

На Седницата не присуствуваше Генерален секретар на Државната изборна комисија, Биљана Стојановска од оправдани причини.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Никола Рилкоски. Претседателот констатира дека е Комисијата во полн состав и дека може да работи и да одлучува полноважно.

За оваа седница беше предложен следниот

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

**1.Разгледување и усвојување на Записникот од 64 – тата Седница на ДИК одржана на ден 4.03.2014 година;**
**2.Предлог Упатство за примена на членот 50-а став (6) од Изборниот законик;**
**3.Предлог Решенија по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9, за Претседателски избори 2014 год.;**
**4.Разгледување на Обрасците ИС 1, ИС2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии, согласно Заклучокот бр.07-743/1 донесен на 64 – тата Седница на ДИК на 4.03.2014 год.;**
**5.Разгледување на Барањата за акредитација на набљудувачи од Здружението на граѓани Центар за развој на медиуми Скопје (ЦРМ) и од Амбасадата на Република Турција за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год. и**
**6. Разно.**

Се отвори расправа по дневниот ред.

Никој не побара збор и дневниот ред е ставен на гласање.

**7 членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на дневниот ред за 65 – тата Седница на ДИК.**

**Точка 1:**

**Разгледување и усвојување на Записникот од 64 – тата Седница на ДИК одржана на ден 4.03.2014 година;**

Се отвори расправа по Записникот. Никој не се јави за дискусија и предложениот Записник од 64 – тата Седница на ДИК одржана на ден 4.03.2014 година е ставен на гласање..

**7 членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Записникот од 64 – тата Седница на ДИК одржана на ден 4.03.2014 година.**

**Точка 2:**

**Предлог Упатство за примена на членот 50-а став (6) од Изборниот законик;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски отвори дискусија по оваа точка.

За дискусија се јавија Влатко Сајкоски, Сашо Срцев, Анета Стефановска Бедредин Ибраими, Виолета Дума, Членови на ДИК, Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи и Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски. Влатко Сајкоски, Сашо Срцев и Анета Стефановска, Членови на ДИК, меѓу другото кажаа дека ова Предлог Упатство нема да го подржат поради тоа што е спротивно на одредбите во Изборниот законик, а во членот 50 – а нема место оставено да ДИК може да изврши измени. Во Изборниот законик има празнина во врска со ова прашање и треба да се направат измени на Изборниот законик за да нашите граѓани во ДКП можат цела година да вршат упис во Избирачкиот список. Бедредин Ибраими, Виолета Дума, Членови на ДИК, Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи и Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски сметаат дека е ова Упатство добро направено и треба да биде усвоено од ДИК поради тоа што им се овозможува на државјаните на Република Македонија кои се наоѓаат на привремена работа или престој во странство барањето за запишување, дополнување или бришење на податоците во посебниот извод од Избирачкиот список кое го поднесуваат за време на јавниот увид, да се смета како барање за запишување во единствениот Избирачки список доколку ги исполнуваат законските услови да бидат внесени во истиот.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски по завршените дискусии констатира дека дел од Членовите на ДИК се за прифаќање на ова Упатство за примена на членот 50-а став (6) од Изборниот законик а дел од Членовите не се за прифаќање на ова Упатство.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски го стави Предлог Упатство за примена на членот 50-а став (6) од Изборниот законик на гласање.

**4 Членови на ДИК ( Никола Рилкоски, М-р Субхи Јакупи, Бедредин Ибраими и Виолета Дума ) се произнесоа"ЗА" усвојување на Упатството за примена на членот 50-а став (6) од Изборниот законик , "ВОЗДРЖАНИ" нема и 3 Членови на ДИК ( Влатко Сајкоски, Сашо Срцев и Анета Стефановска ) се произнесоа "ПРОТИВ" усвојување на Упатството за примена на членот 50-а став (6) од Изборниот законик.**

**Со мнозинство на гласови е усвоено Упатството за примена на членот 50-а став (6) од Изборниот законик.**

**Точка 3:**

**Предлог Решенија по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9, за Претседателски избори 2014 год.;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека ДИК ги има како материјал Предлог Решенијата по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9 со дата 6.03.2014 година.На Седница ДИК мора да ги разгледа Предлог Решенијата и да донесе Решенија. Според табеларниот преглед

вкупно има 645 Предлог Решенија од кои позитивни Решенија има 590. Број на Решенија за одбиени пријави се: 14 Решенија поради тоа што лицата ги нема со звездичка и немаат приложено докази и 42 Решенија поради тоа што лицата ги нема во Избирачки список. За Решенија за одбиени пријави тече рокот за поднесување на тужба и ДИК прво нив ги разгледува.

За збор се јави Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кој побара да се направи преглед и за 590 позитивни Решенија. Што се однесува на Решенија за одбиени пријави, образложението за одбивање е добро направено. На кој јазик се доставени Пријавите на тој јазик треба да биде и одговорот, односно Решението треба да биде двојазично што е законски и е во склад со Законот за општа управна постапка и Законот за употреба на јазиците. На ВЕБ страницата на ДИК треба да се стави терк на вакво Решение двојазично напишано. Со усвојување на Упатството за примена на членот 50-а став (6) од Изборниот законик ќе му се помогне на граѓанинот во странство што треба да прави за да гласа, односно дека треба да достави барање. За сега нема многу пријави околу 2700 се поднесени, но според искуство во 2011 година кога имаше над 10 илјади пријави за предвремените парламентарни избори очекуваме уште повеќе. Ќе се следи состојбата и ДИК ќе обезбеди и дополнителен кадар и од подрачните одделенија на ДИК за обработка на пријавите. Теркот на Решението е усогласен и секој ден ќе се разгледуваат овие Предлог Решенија.

За збор се јави Бедредин Ибраими, Член на ДИК кој кажа дека пријавите ќе се примаат до 11.03.2014 година и смета дека сега дневно ќе има по околу илјада пријави.

За збор се јави Државниот советник за правни работи и изборен систем кој кажа дека веднаш после Седницата се испраќаат Решенијата до граѓаните.

Дискусијата се затвори и Предлог Решенијата по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9, за Претседателски избори 2014 год. се ставени на гласање.

**Во моментот беа присутни 6 членови на Државната изборна комисија и се произнесоа“ЗА“ усвојување на Решенија по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9, за Претседателски избори 2014 год.**

**Точка 4:**

**Разгледување на Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии, согласно Заклучокот бр.07-743/1 донесен на 64 – тата Седница на ДИК на 4.03.2014 год.;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, објасни дека е добиен Прегледот во врска со Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии, согласно Заклучокот бр.07-743/1 донесен на 64 – тата Седница на ДИК на 4.03.2014 година.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, збор му даде на Државниот советник за правни работи и изборен систем да даде поблиско објаснување по оваа точка.

Државниот советник за правни работи и изборен систем кажа дека се работи за Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии и по разгледувањето од страна на ДИК обрасците треба итно да се однесат во Државниот завод за статистика за да не се касни со обработката на овие обрасци.

За збор се јави Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кој кажа дека е овој преглед технички добро направен но да биде во форма на акт, односно треба

да биде како одобрување, дека на оваа седница се одобрени Обрасците ИС 1 – за запишување во Избирачкиот список, ИС 2– за бришење од Избирачкиот список и ИС 3 – за промени во Избирачкиот список.

Никој друг не се јави за збор и Прегледот во врска со Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии, согласно Заклучокот бр.07-743/1 донесен на 64 – тата Седница на ДИК на 4.03.2014 год. е ставен на гласање.

**Во моментот беа присутни 6 членови на Државната изборна комисија и се произнесоа“ЗА“ усвојување на Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии, согласно Заклучокот бр.07-743/1 донесен на 64 – тата Седница на ДИК на 4.03.2014 год.**

**Точка 5:**

**Разгледување на Барањата за акредитација на набљудувачи од Здружението на граѓани Центар за развој на медиуми Скопје (ЦРМ) и од Амбасадата на Република Турција за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год.**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски даде објаснување дека се до ДИК стигнати Барањата за акредитација на набљудувачи од Здружението на граѓани Центар за развој на медиуми Скопје (ЦРМ) и од Амбасадата на Република Турција за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год. и предлага да им се усвојат Барањата.

**6 членови на Државната изборна комисија се произнесоа “ЗА“ усвојување на Барањата за акредитација на набљудувачи од Здружението на граѓани Центар за развој на медиуми Скопје (ЦРМ) и од Амбасадата на Република Турција за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год.**

**Точка 6:**

**Разно.**

За дискусија по точката “Разно“ не се јави никој за збор.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, поради тоа што немаше пријавени за дискусија, констатираше дека дневниот ред е исцрпен и ја затвори шеесет и петтата Седница на ДИК.

Составен дел на Записникот од оваа Седница е аудио снимката на Седницата.

**65-тата седница на Државната изборна комисија заврши во 19:40 часот.**

**Број** 07 – 740/2
11 . 03 . **2014 година**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА**
**ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА,**
**Биљана Стојановска**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Никола Рилкоски**

**Изготвил: Зорица Петровиќ**